**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-126/2**
**21.02.2023год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за Блок 1.2, Блок 2.1, Блок 2.2 - општина Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Повторена јавна презентација и јавна анкета за Детален урбанистички план за Блок 1.2, Блок 2.1, Блок 2.2, КО Гевгелија, општина Гевгелија**

Границите на планскиот опфат се:
- на **север** границата се движи по осовината на постојната сервисна улица „Слободан Митров Данко“,
- на **исток** продолжува по осовината на сервисната улица „Борис Кидрич“,
- на **југ** се движи по осовината на собирната улица „Маршал Тито“ и
- на **запад** по осовините на станбените улици „Гевгелиски Партизански одреди“ и „7ми Ноември“.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **24,24 ха**.

**Повторената јавна презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во малата сала на Народниот театар во Гевгелија, на ден 27.02.2023 година со почеток во 12.00 часот.**

Деталниот урбанистички план за Блок 1.2, Блок 2.1, Блок 2.2 - општина Гевгелија ќе биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина при Општина Гевгелија и на web страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk.

Јавната анкета ке трае 5 работни дена и тоа од 27.02.2023г. до 03.03.2023г., секој работен ден од 08 до 16 часот.

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови кои може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку електронскиот систем е-урбанизам.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***